Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02 и 82/08, 167/10 и 51/11) и член 25 став 2 и член 31 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16 и 127/16), министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по **основи на класичен балет** за I (прво) одделение на основното музичко и балетско образование.

НАСТАВНА
ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ОСНОВИ НА КЛАСИЧЕН БАЛЕТ

I ОДДЕЛЕНИЕ

ОСНОВНО МУЗИЧКО И БАЛЕТСКО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, септември 2016

# 1. ВОВЕД

Основи на класичен балет за I (прво) одделение се изучува во основното балетско училиште.
Наставата се одржува во специјализирани училишта.

- **Фонд на часови:** 2 часа неделно , 72 часа годишно**.**
- **Диференцијација на наставниот предмет:** стручен предмет
- **Статус на предметот:** задолжителен.

## 2. РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ ОСНОВИ НА КЛАСИЧЕН БАЛЕТ I ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да запознава нови зборови, термини кои се користат во наставните содржини;
- да именува конкретни постапки и процедури;
- да покажува способност за повторување на изучените единици;
- да демонстрира зададена вежба во склад со дадено упатство и правило;
- да ги употребува дадените упатства**;**
- да споредува начин на изведба на различни елементи;
- да поврзува елементи и делови од игри;
- да демонстрира практично одредена зададена задача;
- да разликува чувства кај себе и другите;
- да развива креативно изразување на зададена тема;
- да ги развива сопствените можности и способности;
- да создава реална и позитивна слика за себе;
- да развива способност за самопочитување;
- да правилно се движи  во склад со дадени упатства;
- да пронаоѓа врска помеѓу елементите;
- да планира и поврзува извдеба на средина на салата;
- да развива способност за изведба на различен простор (покрај палката, на средина на салата, на подот);
- да применува нови просторни положби;
- да развива способност за елементарна координација на телото;
- да покажува способност за ритмичко препознавање и повторување на едноставни ритмички шеми;
- да организира правилна психичко-моторна реализација на активности;
- да изведува заклучоци за изведбата на елементите;
- да ги да анализира моторните активности.

## 3. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Тема: Вежби за развивање на еластичноста на телото | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>да ги развива сопствените природни телесни предиспозиции, да владее со елементарната координација и да ги комбинира вежбите на различни делови од телото, да организира и применува различна ритмичка придружба и прецизно да ги спроведува зададените вежби. | - Вежби за стапалата<br>- Вежби за појасниот дел од телото<br>- Вежби за зголемување на еластичноста на нозете<br>- Вежби за зголемување на подвижноста на `рбетниот столб<br>- Вежби за координација | - Свиткување и испружување;<br>- потпорна и работна нога;<br>-лизгање;<br>-отворање и затворање;<br>-права и кружна траекторија/линија на движење;<br>-бавни и брзи отворања на ногата;<br>- координација на деловите од телото. | - Групна и индивидуална<br>- Перцептивно-тактилна (изучување преку демонстрација и укажување на деловите на телото кои се активираат при изведбата)<br>- Демонстрација на вежбата од страна на педагогот |

| Тема : Вежби за развивање на музикалноста | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да го развива чувството за музика и ритам;<br>- да ги владее и правилно да ги изведува ритмичките вежби;<br>- да комбинира ритмички вежби изведени со различни делови на телото во склад со мелодиско-ритмичката шема;<br>- правилно да применува и да се прилагодува кон промена на темпото во вежбите. | - Ритмички вежби со вклучување на рацете<br>- Ритмички вежби со вклучување на нозете<br>- Комбинирани ритумички вежби со вклучување на различни делови на телото<br>- Слушање и препознавање различни музички мотиви (од балетски, музички, филмски дела кои се поврзуваат со одреден лик)<br>- Координација на музичките модуси изведени во различно темпо и различно музичко разложување на движењето | - Ритам<br>- Мелодија<br>- Делови во музиката<br>- Музички мотив<br>- Темпо | - Групна и индивидуална<br>- Аудиелно-аналитичка<br>- Демонстрација на вежбата од страна на педагогот |

| Тема: Вежби за развивање на креативноста | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да го развива и да го насочува креативниот потенцијал;<br>- да ги поврзува, дефинира и трансформира идеите во конкретна танцова форма;<br>- да ги објаснува сопствените идеи и практично да го демонстрира;<br>- да го гради и развива позитивниот став кон работата во група и самостојно. | - Реализација на зададена тема преку танцови движења<br>- Тематско дефинирање преку одредена музичка основа (асоцијации, тема, ликови, приказна)<br>- Поврзување на музичка и визуелна асоцијација<br>- Актуелизирање на одреден лик или состојба со танцови средства<br>- Актуелизирање на различни изразни средства<br>- Мимичко, актерско изразување<br>- Реализација на зададена тема со различни изразни средства<br>- Импровизација (соло и групна) | - Игра<br>- Танц<br>- Глума<br>- Идеја<br>- Асоцијација<br>- Танцово изразување<br>- Изразни средства<br>- Импровизација | - Групна и индивидуална<br>- Перцептивно-тактилна (изучување преку демонстрација и укажување на деловите на телото кои се активираат при изведбата)<br>- Демонстрација на вежбата од страна на педагогот |

| Тема: Танци | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да ги демонстрира изучените чекори и елементи;<br>- да развива координација;<br>- да владее со просторните координати;<br>- да комбинира и усовршува игра во група;<br>- да ги развива своите вештини во делот на танцовото изразување;<br>- да гради и развива позитивна колективна атмосфера. | - Елементи на марш<br>- Композиција на марш<br>- Елементи на полка<br>- Елементарна композиција на полка<br>- Тематски танцови композиции (танц на снегулки, танц на пеперутки, танц на цвеќиња итн.)<br>- Танци со користење на аксесуари (лепези, ленти, цветни обрачи и др.) | - Марш<br>- Полка<br>- Композиција<br>- Танцови елементи | - Групна и индивидуална<br>- Перцептивно-тактилна (изучување преку демонстрација и укажување на деловите на телото кои се активираат при изведбата)<br>- Демонстрација на вежбата од страна на педагогот |

## 4. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Четирите предложени тематски целини треба да бидат распределени тако што се изучуваат паралелено, структурирајќи го часот така што ќе се комбинираат елементите од сите тематски раздели во редослед кој е даден во програмата. Часот треба да започне со вежбите за развивање на еластичноста на деловите од телото, потоа следува делот со вежби за развивање на музикалноста, за на крај од часот да се опфатат вежбите за креативност и на крај танците. За секое подрачје од содржината се предвидени 4 до 12 часови вклучувајќи ги и модификациите (изведба во различни позиции, со различна скорост, во издвоена и комбинирана форма).

**Наставни средства**

Аудиосредства, односно пијано придружба е задолжителна во изведбата на наставата. Моделите за реализација на наставата по овој предмет се нагледни средства како видеозапис, илустрации, фотографии, аудиопомагала и сл.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Постигањата на учениците се оценуваат континуирано во текот на наставниот процес. Наставникот преку годината подготвува полугодишен и годишен контролен испит.

Оценувањето е описно.

## 6. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА

Наставата се изведува во балетска сала која треба да го задоволи општиот норматив за проектирање и изведба на ваков вид објекти специјализирани за настава по балет.

## 7. КАДРОВСКИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Воспитно-образовната работа може да ја изведува наставник со:

- завршени редовни студии по балетска педагогија;
- завршен еден од педагошките факултети со претходно завршено основно и средно балетско образование и петгодишно балетско педагошко искуство во професионално балетско училиште.

## 8. ПОЧЕТОК Н А ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: **1.9.2016 година**

## 9. ПОТПИС И ДАТУМ НА УТВРДУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по **основи на класичен балет** за I (прво) одделение на тригодишното основно музичко образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди министерот за образование и наука

**МИНИСТЕР**

**Арх. бр. 12-15457/1**
**10.11.2016 год.**

____________________________
**Pishtar Lutfiu**

Изготвил: работна група, координатор д-р Анкица Витанова, раководител на одделение
Контролирал: Трајче Ѓорѓијевски, раководител на одделение
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор